Врз основа на член 16 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура (Службен весник на Република Македонија“ број 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14,154/15, 193/15 и 39/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РИБОЛОВНА ОСНОВА ЗА РИБОЛОВНА ВОДА**
**„ВЕШТАЧКО ЕЗЕРО АКУМУЛАЦИЈА МАНТОВО”**
**ЗА ПЕРИОД 2023 - 2028 ГОДИНА**

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНАТА ВОДА

### 1.1. Детален попис на сите риболовни води со нивните имиња

Риболовната основа се однесува за вештачкото езеро-акумулација Мантово.

### 1.2. Географска карта на вештачкото езеро-Акумулација Мантово




**Слика 1. Географска карта на која е претставена акумулацијата Мантово**

## 2. ХИДРОГРАФСКИ И КЛИМАТСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

### 2.1. Должина, ширина и површина за сите протечни води

Како главни извори на доток на вода се реките Лакавица, Конечка и Габрешка. Исто така, како поголемо сливно подрачје во браната се влеваат повеќе порои како што се: Згоречки, Скорушки и Боровски.

Реката Крива Лакавица е последна поголема лева притока на реката Брегалница. Извира јужно од с. Д. Липовик на надморска височина од 570 m, тече во правец југ-југоисток и север-северозапад кај селото Софилари се влива во реката Брегалница на 251 m надморска височина. Должината на текот изнесува 42 km, а во однос на протоците има карактеристики на порои:преку лето пресушува, а при поројни дождови нараснува до 2 m и се излива од коритото правејќи огромни штети на околното обработливо земјиште. Зафаќа сливна површина од 425 $km^{2,}$ но има мал пад од само 7,6‰. Во теснината Мантово изградена е брана и е формирана акумулацијата Мантово.

**2.2. Длабочина и површина за сите стоечки води**

Акумулацијата Мантово која се наоѓа на коритото на реката “Крива Лакавица”. Максимална кота е на 406.5 m надморска височина, на која зафаќа површина од 49.49 $km^2$. Вкупниот волумен на акумулацијата Мантово е 47. 5 милиони $m^3$ вода. Максималната длабочина на акумулацијата Мантово е 40 m.

Водите на акумулацијата Мантово се искористуваат за наводнување и водоснабдување. Системот за наводнување го сочинуваат два магистрални канала: лев магистрален канал со должина од 29762 метри, со пропустлива моќ на водата 24.3 $m^3$• $sek^{-1}$; и десен магистрален канал со должина од 19220 метри, со пропустлива моќ 30,8 $m^3$• $sek^{-1}$.

Годишно за потребите на земјоделството се трошат од 8 до 10 милиони $m^3$•$sek^{-1}$ вода, додека за потребите на рудникот Бучим се трошат од 1 до 1,5 милиони $m^3$• $sek^{-1}$ вода. Максималната длабочина на акумулацијата е 40 метри.

Акумулацијата Мантово има долгнавеста форма и се протега во правец југоисток-северозапад. Од север се граничи со атарот на селото Долна Враштица, од исток со атарот на село Габревци, од југ со атарот на село Долни Радеш, додека од запад со атарот на село Гарван од каде и се наоѓа насипот на самата брана.

Акумулацијата “Мантово” се одликува со доста висока органска продукција затоа што лежи на порано обработливите површини и ливади, како и покриени жбунести шумски култури и не мал број од повисоките шумски култури.

**2.3. Основни климатски карактеристики на географското подрачје**

Акумулацијата Мантово се наоѓа во подрачје кое под влијание на умереноконтинентална клима со одделни климатски елементи кои варираат меѓу изменета медитеранска клима во полето и планинска клима по планините. Просечните годишни температури во рамничарскиот дел се движат од 12.5 до 13.0°C, а на највисоките делови од планинските масиви до 7.5°C. Најтопли месеци се јули и август, со просечна температура од 23°C, а најстуден месец е јануари со 1.2°C. Просечните годишни врнежи изнесуваат 563 mm, со големи варирања од година во година. Постои разлика меѓу планинските и рамничарските реони. Што се однесува до годишниот збир на сончеви часови, регионот има 2326 сончеви часови годишно, т.е. 6.4 часови дневно.

## 3. ОСНОВНИ ФИЗИЧКО – ХЕМИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**3.1. Боја, мирис, температура, провидност, киселост, електрична спроводливост, содржина на хлор, заситеност со кислород, вкупен јаглерод диоксид, нитрати, амонијак, фосфати, силикати**

Податоците за основните Физичко-хемиски карактеристики на водата од акумулацијата Мантово се дадени во табела 1.

**Табела 1. Физичко-хемиски карактеристики на акумулацијата Мантово**

| Параметар | Единици | Интегрирани вредности |
|---|---|---|
| **Боја** | | нема забележителна боја |
| **Мирис** | | нема |
| **Температура** | ° C | 24,3 |
| **Провидност (проѕирност)** | m | 2,8 |
| **Киселост (pH)** | | 8,12 |
| **Електрична спроводливост** | µS/cm | 295 |
| **Содржина на хлор** | µg/l | / |
| **Заситеност со кислород** | % | 89,85 |
| **Растворен кислород** | mg/l | 6,50 |
| **Вкупен јаглерод диоксид** | mg/l | 2,14 |
| **Нитрати** | µg/l | 18,04 |
| **Амонијак** | µg/l | 27,46 |
| **Фосфати (Вкупен фосфор)** | µg/l | 28,42 |
| **Силикати** | µg/l | / |

## 4. ОСНОВНИ БИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

**4.1. Состав структура и застапеност на поедини видови макрофити, како и процент на покриеност на истражваната маса**

Во акумулацијата Мантово макрофитската вегетација воглавно е ретко застапена и е претставена со емергентни и субмерзни (потопени) видови. Од емергентните растенија се среќаваат комплекси од *Phragmites australis* и *Typha latifolia*.

Субмерзните видови се среќаваат во вид на мешовити популации, во кои доминира *Myriophyllum spicatum* L. Во табелата 2 се претставени евидентираните макрофитски видови во акумулацијата Мантово

**Табела 2. Преглед на евидентираните макрофитски видови во “Мантово” и нивната сапробиолошка припадност**

| Број | ВИД | сапробност-Ottendorfer |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | *Phragmites australis* (Cav.) Trin ex Steud. | |
| 2. | *Typha latifolia* L. | I, II |
| 3. | *Potamogeton pectinatus* L. | II, III |
| 4. | *Myriophyllum spicatum* L. | II |
| 5. | *Myriophyllum verticilatum* L. | II |

### 4.2. Доминантен вид и биомаса на фитопланктон и зоопланктон

Според вредностите на хлорофилот *a*, биомасата на фитопланктонот и примарната продукција, акумулацијата Мантово се наоѓа во мезотрофна состојба.

Концентрацијата на хлорофилот *a*, фитопланктонската биомаса и примарната продукција укажуваат дека трофичката состојба во оваа акумулација при поповолна хидролошка состојба може да биде и на граница помеѓу мезотрофна и олиготрофна, па дури и олиготрофна.

Трофичкиот статус на акумулацијата Мантово е прикажан во Табела 3.

**Табела 3. Трофички статус на акумулацијата "Мантово"**

| | Хлорофил *a* (μg $l^{-1}$) | Фитопланктонска биомаса (μg $l^{-1}$) | Примарна продукција (g C $m^{-2}$ god) |
|---|---|---|---|
| 0 -12 м | 3,13 | 212,58 | 101,19 |

Во акумулацијата Мантово доминираат претставниците од Rotifera кои во вкупниот зоопланктон учествуваат со 82%. Со најголема бројност како меѓу ротиферите така и во вкупниот зоопланктон евидентиран е видот *Polyarthra.* На второ и трето место се претставниците од Cladocera (9%) и Copepoda (9%). Од кладоцерите со најголема бројност се видовите *Ceriodaphnia quadrangula* и *Bosmina coregoni.* Во табела 4 е прикажана биомасата на зоопланктонот во акумулацијата Мантово

**Табела 4. Биомаса на зоопланктон**

| Биомаса на зоопланктон g x $m^{-3}$ (грами на метар кубен) | | | |
|---|---|---|---|
| Rotifera | Cladocera | Copepoda | Вкупно |
| 0,02 | 0,15 | 0,09 | 0,28 |

### 4.3. Биомаса, состав и застапеност на поедини видови на макрозообентос

Бентосната заедница на акумулацијата **Мантово** ја населуваат космополитски видови, типични жители на стоечките води (акумулации, природни езера). Олигохетите претставуваат доминантна компонента во литоралот и профундалот на акумулацијата, што индицира на присуство на високи концентрации на нутритиенти во водата, но и на седимент богат со органски материи. Полисапробните индикатори *Limnodrilus hoffmeisteri* и *Tubifex tubifex* се јавуваат со високо учество во бентосната заедница од профундалниот регион на акумулацијата. Покрај тоа, густината на олигохетите сигнификантно опаѓа, што укажува на неповолни услови за развој и на овие толерантни претставници. Во прилог на оваа констатација е и фактот што присуство на толерантниот на еутрофни услови *Chironomus plumosus* не е евидентирано. Резултатите укажуваат на значајно нарушување на состојбата со квалитетот на водата од акумулацијата Мантово.

### 4.4. Останати поважни видови риби

Во акумулацијата се среќаваат, жаби, водни желки и водни змии кои немаат особено значење за риболовот.

Во октомври 2013, забележана е масовна појава на ракот *Astacus leptodactylus* во акумулацијата. Овој рак вообичаено ги населува еутрофните езера, акумулации, рибници, па дури и канали, консумирајќи секаков вид на храна. Во споредба со другите декаподни ракови тој е потолерантен на кислороден дефицит, поради кое не изненадува деговото присутство во **Мантово.**

## 5. ВИДОВИ И КОЛИЧИНИ НА РИБИТЕ - ИХТИОМАСА

### 5.1. Квалитативно - квантитативен состав на ихтиопопулацијата со застапеност на поедини видови во проценти односно масен удел на поединечен вид во вкупната ихтиомаса

Во водите на акумулационото езеро Мантово се регистрирани вкупно 14 видови риби од 4 фамилии. Составот на рибната населба во акумулацијата Мантово е прикажан во табела 5.

**Табела 5. Квалитативен состав на рибната населба со латинско име по Kottelat и Freyhof (2007), синоними и други латински имиња под кои дадениот вид може да се сретне во научна литература и народно име.**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| **CYPRINIDAE** | | |
| ***Alburnoides bipunctatus*** (Bloch, 1782) | *Alburnoides bipunctatus* | **вардарка, гомнушка** |

| | | |
|---|---|---|
| ***Alburnus thessalicus*** (Stephanidis, 1950) | *Alburnus alburnus* | **белвица, плашка** |
| ***Barbus balcanicus*** *(*Kotlik, Tsigenopoulos, Rab & Berrebi, 2002) | *Barbus meridionalis; Barbus peloponnesius; Barbus petenyi* | **црна мрена балканска мрена** |
| ***Carassius gibelio*** (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | **сребрен карас** |
| ***Chondrostoma vardarense*** (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | **скобуст, бојник** |
| ***Ctenopharingodon idella*** (Valenciennes 1844) | *Ctenopharingodon idella* | **амур** |
| ***Cyprinus carpio*** (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | **крап** |
| ***Rutilus rutilus*** (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | **црвеноперка** |
| ***Scardinius erythrophthalmus*** (Linnaeus, 1758) | *Scardinius erythrophthalmus* | **писа, платица** |
| ***Squalius vardarensis*** (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | **клен** |
| ***Tinca tinca*** (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | **лињак** |
| **SILURIDAE** | | |
| ***Silurus glanis*** (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | **сом** |
| **CENTRARHIDAE** | | |
| ***Lepomis gibbosus*** (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | **сончаница** |
| **PERCIDAE** | | |
| ***Perca fluviatilis*** (Linnaeus, 1758) | *Perca fluviatilis* | **костреш, перкија** |

### ***Alburnoides bipunctatus*-Вардарка (гомнушка, шљунец, цимуска)**




***Опис и распространетост***

Телото на вардарката е странично сплескано, има мала глава и релативно крупни очи. Грбната страна и е окер-кафеава, а стомачната сиво-белузлава. Како што кажува и самото име, долж страничната линија се протегаат два реда темни точки, еден над, а еден под страничната линија. Оваа линија може да биде и слабо изразена или испрекината но претставува карактеристика по која најлесно се препознава. Основата на градните, стомачните и аналната прека често пати знае да биде обоена во портоколово-црвена боја.

Раширена е низ западна Европа и Црноморскиот слив. Во Р. С. Македонија живее во сите три слива.

***Основни биолошки карактеристики***

Се мрести во пролет, од почетокот на мај до крајот на јуни, порционо, во повеќе наврати. Икрата ја полага на каменита и песковита подлога. Вардарката припаѓа на ситните видови риби, просечна големина и е околу 6-8 cm. Максимална големина достигнува до 12 cm и тежина до 30 g. Живее подеднакво и во проточни и во стагнантни екосистеми богати со кислород. Се задржува на места со интензивна аерација: брзачиња, слапчиња и вештачки бранички од трева, гранки и друго. Живее групирана во помали и поголеми јата.

Се храни со храна од анимално потекло, лови ларви и адултни стадиуми од водни инсекти. Често зема и инсекти кои паѓаат на вода. Мошне е динамична, доста агресивна и алчна, па честопати пречи при риболовот на поатрактивни и покрупни видови риби бидејќи ја однесува или оштетува мамката од јадицата.

***Значење***

Нема никакво стопанско значење, меѓутоа е објект на рекреативен риболов. Иако, најчесто не е цел на повеќето рекреативни риболовци многу често се лови. Агресивна е и многу лесно се лови. Особено ја ловат децата и почетниците во рекреативниот риболов. Месото на вардарката е вкусно и нема ситни коски, се јаде цела.

### ***Alburnus thessalicus* – Белвица (плашица, плашка, нивичка, белвиче)**




***Опис и распространетост***

Белвицата, или плашицата во минатото беше дефинирана како *Alburnus alburnus* и опишана како риба со широко распространување во Европа. Според новите истражувања, некогаш опишаните подвидови на видот *A. alburnus* сега се издигнати на ниво на посебни видови така да денес за водите во Македонија разликуваме повеќе видови на плашица и тоа: *Alburnus belvica*– преспанска белвица, *Alburnus macedonicus*– дојранска плашица, *Alburnus scoranza*– карактеристична за Охридско и Скадарско Езеро и *Alburnus thessalicus*– тесалиска плашица, карактеристична за водита на Егејскиот слив (Грција, Р. С. Македонија и Бугарија). Согласно ова, плашицата која живее во водите на Вардарскиот слив е дефинирана како *S. thessalicus*. Разликувањето и дефинирањето на видовата припадност на вака опишаните видови е сложен процес и бара

искуство и пракса. Од аспект на рекреативен и стопански риболов доволно е да се познава припадноста на родот, без при тоа да се навлегува до одредување на специфичниот вид. И описот кој е подолу даден е општ и не навлегува во спецификите на определениот вид.

Телото е издолжено, страинчно сплеснато, покриено со лушпи кои лесно отпаѓаат. Грбот и е темно зелен до темно плав, а страните и стомакот и се сребрено бели со седефаст сјај. Устата е терминална и свртена нагоре. Окото е релативно големо.

***Основни биолошки карактеристики***

Полово созрева во третата година од животот, на должина од 7-8 cm. Се мрести порционо во долг временски интервал, од мај до јули па и во август, во плитка вода. Плодноста на женката се движи од 3.000 до 15.000 икри. Икрата е леплива и се прицврстува за ситна песок, чакал и растителна подлога. Ембрионалниот развој е краток и трае 4 - 5 дена.

Просечната големина која ја достигнува белвицата изнесува 12-15 cm. Максималната големина изнесува до 20 cm и тежина од 50 cm.

Живее и во стагнантни олиготрофни но и еутрофни екосистеми, а и во проточни екосистеми, главно во средните и долните текови на реките. Живее во големи и помали јата и главно се задржува во горните слоеви на водата. Во реките се задржува во помирниот дел на коритото, позди некоја препрека од трева, гранки, камења и слично.

Основна храна на плашката е зоопланктонот. Исто така се храни и со инсекти што паѓаат во водата, кукли од хирономиди и со други без‘рбетници, но и со растителна храна.

***Значење***

Во риболовните подрачја (Охридско, Преспанско, Дојранско Езеро и акумулациите во кои се изведува стопански риболов) плашицата има стопанско значење и се изловува со мрежи за на пазар. Во риболовните ревири и рекреативните зони има огромно значење како објект на рекреативен и спортски риболов. Особено е значајна за спортски риболов и претставува основна риба која се лови на спортските натпревари. Месото од белвицата е вкусно и барано на пазарот.

***Barbus balcanicus*** **- Црна мрена (поточна мрена, балканска мрена)**




***Опис и распространетост***

Црната мрена има вретеновидно тело. На грбот е светло до темно кафеаво, од страните е посветло, а стомачниот дел е изразито бел. По телото, особено по грбот, а и по страните и сите перки се наогаат многубројни мали црнокафеави неправилни флеки. Флеките одсуствуваат од стомачниот дел. Флеките се најдобриот показател, према кој најлесно се разликува црната од белата мрена. Усните се меснати, горната усна е истурена пред долната. Има два пара мустаки. Едниот пар се наоѓа над горната усна, а другиот пар на краевите на горната усна.

Истражувања покажуваат дека во Р. С. Македонија живеат повеќе видови кои некогаш го носеа единственото име “црна мрена”. Денес рибите кои ги населуваат водите на реката Вардар, а некогаш се означувале како “црна мрена” ги означуваме како “балканска мрена”, со што се прави дистинкција од рибите кои ги населуваат водите на струмичкиот слив и преспанско-охридскиот, односно сливот на Црн Дрим, а некоаш исто така се означувале како “црна мрена”.

Црната мрена е распространета во водите на Јадранскиот и Егејскиот слив и тоа: во јадрански слив во базенот на Соча (во Италија и Словенија), во сливот на Дунав во Сава, Крупаја, Власинско Езеро и сливот на Нера. Во егејскиот слив се сретнува во Македонија и во Грција во сливовите на реките Вардар, Галикос, Лоуидас и Алиакмон.

***Основни биолошки карактеристики***

Црната мрена ги населува средните и долните текови на сите водотеци во Вардарскиот слив. Бара средно течечки планински водотеци со песочно и чакалесто дно. Живее во помали и поголеми јата на дното на речното корито.

Полово созрева во третата односно четвртата година од животот. Се мрести во долг временски период, од крајот на мај па до почетокот на август.

Црната мрена во реката Вардар нараснува од 20 cm должина и постигнува маса од 200g, многу ретко и повеќе. Во исхраната на мрената доминираат разните видови на ларви, полжави, школки, но не одсуствува и храна од растително потекло. Интересно е тоа што мрената може да земе храна од под камењата, која што е недостапна за другите видови риби.

***Значење***

Нема стопанско значење, но има извонредно големо значење од аспект на рекреативен и спортски риболов. Таа е една од најчесто ловените риби во сите водотеци во Р. С. Македонија каде што живее. Месото и е многу вкусно и се приближува до вкусот на пастрмката. Икрата на мрената е отровна и при консумација може да предизвика грчеви, диареа и поблаги форми на труење.

***Carassius gibelio*-Сребрен карас (кинеско крапче, карас, караш, бабушка)**




***Опис и распространетост***

Сребрениот карас има високо, странично сплескано тело, прекриено со крупни лушпи. Должината на телот е нешто повеќе од две висини. Грбот е од темно до светло сив со зелени нијанси, страните се сребрено бели, а стомачниот дел чисто бел. Поради ваквата боја на телоти и го добил името. Грбната перка е долга, а опашната перка е всечена. Ова е една од карактеристиките по кои се разликува од златниот карас (*C.carassius*) кој има скоро рамна, незасечена опашна перка. Перките се со потемни и посветли сиви преливи. Исто како и кај крапот, првиот зрак во грбната и аналната перка е коскен, неразгранет и назабен. Нема мустаки околу устата.

Прататковината на сребрениот карас е Кина, од каде во 1948 година е пренесен во европскиот дел на тогашниот СССР (Русија). Интродукцијата е извршена намерно и промовиран е како објект за одгледување во аквакултура. Опишуван е како планктофаг и изразен фитофаг. Од истите причини од Русија се проширува во рибниците во другите земји на источна Европа, а во седумдесеттите години (се претпоставува 1963) внесен е во поранешна СФР Југославија, а нешто покасно и во Р. С. Македонија. Припаѓа на групата на интродуцирани (внесени) и инвазивни видови риби. Сега е присутен во скоро сите наши води. Неговиот ареал на распространување постојано се шири, како и бројноста во реките, езерата и акумулациите. Тоа е вид кој негативно влијае врз густината на популациите на автохтоните (домородните) видови риби. Неговата инвазивност и негативно влијание врз автохтоните видови риби особено е изразено во Дојранското Езеро и Тиквешката акумулација, каде популацијата на сребрениот карас надминува 50% од вкупната популација на сите видови риби.

***Основни биолошки карактеристики***

Популацијата на сребрениот карас во областите кои ги освојува е претежно, до 100%, составена од женки. Така неговото размнижување е многу специфично. Се размножува со гиногенеза. За да бидат женките стимулирани да ја испуштат икрата доволно е присуството на полово зрел мажјак од друг сроден вид, кој во водата лачи полови хормони. Од вака положена икра се развиваат партеногенетски женски личинки без икрата да биде оплодена од мажјак. Ваквиот начин на размножување овозможува сребрениот карас мошне брзо да се шири и да доминира во одреден воден екосистем.

Постои мислење дека лепливата икра може да биде пренесена, со помош на птиците од еден во друг воден екосистем, каде преходно го немало па на тој начин се објаснува и неговото брзо ширење и освојувањето на нови територии каде порано го немало. Ваквата теорија е возможна, но многу е поверојатно дека се шири на друг начин. Особено влијание на неговото ширење во нови води имаат несовесните рекреативни риболовци кои на своја рака го пренесуваат од една во друга вода, од едноставна причина што е атрактивен за риболов.

Во водите на Р. С. Македонија сребрениот карас полово созрева во втората година од животот, а се срќавани и единки полово зрели и во првата година од животот. Започнува со мрест рано на пролет, а се мрести во текот на целата година. Во прататковината се мрести и до 6 пати годишно. Икрата ја полага претежно на водени растенија и алги, во близина на места каде се мрестат и други видови риби. Плодноста на женката изнесува и до 380.000 зрна икра на килограм маса.

Растењето на сребрениот карас е поврзано со топлината на водата во која пестојува и количеството на достапна храна. Иако во литературата е наведено дека достигнува должина и до 45 cm и тежини од повеќе килограми во нашите води има релативно помали просечни димензии и маса до 1,5 kg. Има исклучоци и сведоштва за уловени примероци и над 3 kg.

Сребрениот карас живее во стоечки и бавнотечечки води, групиран во помали или поголеми јата. Добро опстојува и во води со доста мала концетрација на кислород. Карактеристично за сребрениот карас е што долго време може да остане жив надвот од вода, поготово ако температурата е пониска и целото телото е влажно. Се движи при самото дно каде ја бара храната. Во зимскиот период се групира во поголеми јата и бара засолниште во деловите каде има вегетација и помали струења на водата.

Сештојад е и се исхранува со сета достапна храна од растително или животинско потекло. Конзумира се од зоопанктон, зообентос, инсекти до различни видови растителна храна. Има бело месо со сладуњав вкус и многуа ситни коски.

***Значење***

Значаен е од аспект на рекреативен и спортски риболов. Доста е застапен во уловот на рекреативните риболовци затоа што во водите каде го има во поголени количини лесно се лови.

***Chondrostoma vardarense* – Скобуст (бојник, скобал)**




***Опис и распространетост***

Скобустот има долго цилиндрично тело, од страните благо сплескано, прекриено со густо насадени лушпи, кои се средно големи или мали. Горниот дел на телото е темен (зеленкастокафен), страните се посветли и скоро чисто сребренести, а стомакот е изразито сребрено бел. Грбната и опашната перка се сивоцрнкасти, другите перки имаат црвенкаст нијанса со сивкаст прелив. Карактеристика за скобустот е малата глава со нос, и устатата, која е долна, во вид на рамна, попречна пукнатина. Долната усна е обложена со рскавица и е заострена. Внатрешната телесна опна, која ја обвиткува стомачната шуплина е со изразито црна боја. Голточните заби се еднoредни, силно сплеснати по страните, па се со форма на нож. Долната вилица се спојува со черепот под средината на окото, очите им се релативно големи. Грбната перка започнува нешто пред вертикалната на почетокот на стомачните перки и обично има девет разгранети зраци. Горниот раб на грбната перка е всечен. Аналната перка е малку косо всечена. Стомачните перки достигнуваат скоро до аналниот отвор. Кај машките риби, во периодот на мрестењето, се јавуваат брадавичести израстоци по главата и предниот дел на телото (епителијални брунки).

Согласно новата систематизација подвидот *C.nasus vardarensis* е издигнат на ниво на вид *C.vardarense* и денес го водиме како "вардарски скобуст". Ја населува реката Вардар со притоките од Полошка котлина до излезот од Р. С. Македонија, како и водите од Егејскиот слив кои се наоѓаат во Турција, Бугарија, Грција и дел од сливот на реката Аоос во Грција и Албанија кој е дел на Јадранскиот слив.

***Основни биолошки карактеристики***

Скобустот ги населува обично средните текови на реките, а може да се сретне и близу изворскиот регион и во долните теченија на големите реки. Обично се задржува во брзаците каде што водата преминува во помирен тек, при чакалесто и песокливо дно. Иако е жител на проточни води, се среќава и во мирни води. Се наоѓа групиран во помали или поголеми јата.

Скобустот полово созрева во втората или третата година од животот. Се мрести од март до јуни, во водите на Република Северна Македонија претежно крајот на април и почетокот на мај. За мрестење бара помали поплитки и брзи водотеци со чакалесто дно. Во периодот на мрест карактеристично е тоа што се групира во полово диференцирани јата. Јатата составени од машки единки во периодот на мрест се наоѓаат поблиску до устијата на притоките и навлегуваат во нив, додека јатата составени од женки се наоѓаат во средишните делови на реката и тука го дочекуваат моментот кога се подготвени за мрест. Тогаш тргнуваат по мажјаците кон притоките каде се одвива чинот на мрест. Плодноста на женките изнесува до 100 000 јајца, кои се со дијаметар околу 1,5 mm, па и до 2 mm и се лепливи. Ларвите, по ресорпцијата на жолтната кесичка, извесно време се хранат со зоопланктонски организми, но брзо преминуваат на растителна храна, главно перифитонски дијатомејски алги, но и со детритус, а зема и без'рбетници (хирономидни ларви, малучетинести црви и гастроподи). Скобустот достигнува максимална должина до 50 cm и маса околу 3 kg, но обично расте помалку од 30-40 cm.

***Значење***

За сливот на реката Вардар скобустот нема стопанско значење, но има значење од аспект на рекреативен и спортски риболов. Месото на скобустот е без изразит вкус и често со мирис на трева или тиња, особено во лето. Во месото има многу ситни коски кои при консумирање бараат поголема внимателност. Скобустот е една е од најатрактивните спортски риби во нашите води.

***Ctenopharingodon idella*–Амур (бел амур)**




***Опис и распространетост***

Телото на амурот е издолжено и валчесто. Бојата на грбот е маслинесто зелена, страните светло зеленкасто жолти, а стомакот светло зелен до бел. Грбната и опашната перка се со потемна нијанса, а сите останати се со посветли нијанси. Лушпите се големи и лабаво врзани за телото. Слободниот раб на лушпата е темно засенчан и на телото му дава мрежест изглед, слично како кај кленот. Основните карактеристики по кои најлесно се разликуваат амурот и кленот е големината на главата, големината и поставеноста на устата и димензиите во растењето. Главата не е многу голема, како кај кленот. Устата е шилеста и полудолна со потврди усни, погодни

за кинење на растенија. Прататковината му е Далечниот Исток, средното и долното течение на реката Амур. Во Р. С. Македонија е внесен кон крајот на шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години од минатиот век, за потребите на топловодните рибници. Со него се порибени и некои акумулации.

***Основни биолошки карактеристики***

Ги населува езерата и реките. За живот најмногу му одговара топла вода со многу макровегетација. Се движи во групи во крајбержниот воден појас. Во зима во групи се задржува при дното и не се храни. Полова зрелост достигнува од четвртата до осмата година од животот, при маса на телото над 3,5 kg. Се мрести на пролет или лето, кога температурата на водата ке надмине 20 ºC, а најмногу му одговара температура од 25 до 30 ºC. Женката икрата ја положува во горниот воден слој, на места каде обично се составуваат два водотека и формираат долг каменест праг, при брзина на водата од 1 – 1,7 m/s. Икрата е пелагична и слободно плива по водата. Плодноста на женката изнесува над 800.000 зрнца икра, со пречник од околу 1 mm. Ирата во допир со водата брзо набабрува и достигнува дијаметар и до 5 милиметри. Инкубацијата трае доста кратко и за еден до два дена излегуваат ларвите. Младите на почетокот се хранат со планктон, а при должина од над 2,5 cm преминуваат на исхрана со растенија. Главна храна на амурот е водената вегетација, но во недостаток на истата користат и потопена копнена флора. Може да консумира и житарици, овошје, разни органски отпадоци, инсекти и рибен подмладок. Со вистинско хранење започнува кога температурата на водата ќе надмине 15 ºC, а најинтезивно се храни на температута од 25 до 30 ºC. Амурот природно не се мрести во наште води, нити во водите на околните држави. Порибувањата во Р. С. Македонија се вршат преку набавка на подмладок од околните земји. Амурот е риба која брзо расте. Во првата година може да достигне тешина до 600 g, а во втората при исклучително поволни услови може да порасне и до 5 kg. Може да достигне должина и до 1,2 m и маса до 50 kg. А во водите на Р. С. Македонија не повеќе од 30 килограми.

***Значење***

Амурот има големо стопанско значење како риба за чистење на зараснатите водени базени со макровегетација, но и како риба атрактивна за спортски и рекреативен риболов.

Со него се врши порибување на топловодните рибници за чистење на водената вегетација. Месото му е бело и многу вкусно.

***Cyprinius carpio*** **- Крап**




***Опис и распространетост***

Телото е покриено со крупни лушпи а во основата на секоја лушпа (во предниот дел) се наоѓа по една темна точка. Бојата на телото може да варира, кај помладите единки грбот е претежно маслинесто зелена, а кај возрасните темнокафеав. Страните на телото имаат посветли нијанси на зеленожолта до златно жолта, а на стомакот жолтеникаво бела или светло жолта. Перките се сивкасто кафени (посветло или потемно) со маслинесто зелени и кафеави преливи. Грбната перка е релативно долга, а аналната куса. Првиот зрак во грбната и аналната перка е коскен, неразгранет и назабен. Устата е долна. Се отвара и извлекува како хармоника нанапред. Има два пара мустаќи на горната усна, еден покус на предниот крај и еден подолг во аглите на усната.

Прататковина на крапот е подрачјето што ги опфаќа Кина, Јапонија, средна Азија и сливот на Црното Море (Дунавскиот слив). На Балканот ги населува водите на Црноморскиот, Јадранскиот и Егејскиот слив. Во Р. С. Македонија ги населува трите природни езера и сите поголеми акумулации. Се среќава и во сите речни корита кои бавно течат и имаат подлабоки делови. Многу често крапот се дефинира како автохтон вид риба, дури се зборува и за посебни линии како „охридски крап", дојрански крап", „преспански крап", „тиквешки крап" и други, меѓутоа факт е дека за водите во Република Северна Македонија крапот е алохтон, односно интродуциран вид риба. Посебностите на крапот произлегуваат од специфичната средина во која живее, условите кои владеат во различните води и од исхраната.

***Основни биолошки карактеристики***

Крапот ги населува стоечките и бавно течечките води, најмногу местата обраснати со вегетација. Се движи и задржува при дното. Живее во помали или поголеми јата а највозрасните единки и самостојно. Дење бавно пливаат или мируваат во подлабоките и помирните делови а ноќе излегуваат во потага по храна во поплитките и почисти делови. Зимата ја поминуваат во поголеми јата, во подлабоките и помирни места каде струењето на водата е послабо. При температура пониска од 12ºC нагло ја намалуваат исхраната а при температура под 5 ºC се забива во тињата или најгустиот дел на вегетацијата и престанува да се движи и храни. Во тој период крапот преспива "зимски сон".

Машките единки полово созрева на возраст од две до три години и дожина од 25 до 30 cm. Женската популација полово созрева на возраст од три до четири години и дожина од 30 до 40 cm. Во зависност од местото на живеење, крапот се мрести од април до јули. Плодноста на женката е голема од 100.000 до 200.000 икри по килограм маса што значи дека една женка со маса од над 5 килограми може да има и повеќе од еден милион икри. Икрата има дијаметар од околу 1,5 mm леплива е, има стаклест изглед и жолтеникава боја. Икрата, женката ја

положува на водени растенија во крајбрежјето на длабочина до 40 cm во поплавени тревнати терени, каде водата е и најтопла. Мрестењето е порционо, при мирно време и гласно, предизвикано од движењето во плитката вода. Излупувањето на ларвите настанува за 3 до 8 дена од оплодувањето, што зависи од топлината на водата.

Динамиката на растењето кај крапот зависи од условите на средината каде престојува. Забележано е дека трогодишен крап може да достигне должина од 30 до 50 cm и тежина од 0,8 до 3 kg. Во некои стоечки води може да достигне должина и преку 1 m и тежина преку 45 kg. Официјалниот светски рекорд во дисциплината "лов на крап со јадица на дно" е над 48 kg.

Крапот е сештојад и има широк спектар на исхрана. Младите претежно се хранат со зоопланктон, а возрасните единки со мекотели, црви, ларви од инсекти, зоопланктон, полжавчиња, школки и растителна храна од дното.

***Значење***

Има големо значење од аспект на рекреативен и спортски риболов, како и од аспект на стопански риболов. Месото од крапот е доста вкусно и барано на пазарот. Тој е главен објект на одгледување во топловодните рибници во Р. С. Македонија.

Претставува една од најатрактивните спортски риби, борбен е и "интелигентен". Надмудрувањето со крапот и самиот лов на крап претставуваат особен предизвик за секој рекреативен риболовец. Го ловат специјализирани и поискусни риболовци. Во рамките на спортскиот риболов постои посебна дисциплина означена како "лов на крап со јадица на дно" и се организираат натпревари, како на национално ниво, така и меѓународни натпревари, Балкански, Европски и Светски првенства.

***Rutilus rutilus*** **– Црвеноперка**




***Опис и распространетост***

Телото е релативно високо и благо странично сплескано. Лушпите се релативно крупни, а задните рабови на лушпите се потемни. На тој начин целото тело добива изразен мрежат изглед. Главата е широка, устата е терминална и релативно голема. Грбната перка е високо поставена и ако се повлече вертикала од основата на грбната перка вертикалата се поклопува со основата на стомачните перки. Аналната перка е заоблена. Бојата на грбот е темно зелена до сина, страните се сивкасто сребренести, а стомакот е сребрено бел. Градните перки се портокалови, а стомачните перки како и аналната перка се црвени. И на грбната и опашната перка има прелив од црвена боја, некогаш појако некогаш послабо изразена.

Широко е распространета низ Европа, најчеста и најбројна е во Дунавскиот слив. Во Р. С. Македонија се среќава во Вардарскиот слив и Дојранското Езеро. Скоро сите акумулации во Вардарскиот слив се порибени со црвеноперка. Ја нема во Охридското и Преспанското Езеро како и сливот на Црн Дрим.

***Основни биолошки карактеристики***

Црвеноперката живее во бавнотечечки реки и потоци, како и во езера, акумулации и бари. Живее во поголеми јата. Достигнува големина и до 50 cm и маса од 2,5 kg. Црвеноперката во основа е сештојад и се храни скоро со секаква храна (растителна и животинска):инсекти и нивни ларви, црви, ракообразни, мекотели, рибја икра и.т.н. Половата зрелост настапува во втората (машките), односно третата година од животот (женските единки), при должина на телот од 13 до 18 cm. Се мрести од април до јуни, обично во плитките делови обраснатаи со вегетација. Мрестот е порционен. Положува до 15.000 лепливи икри. Развојот на ембрионите во јајцата трае 5 до 10 дена. Во текот на мрестот на главата и по телото се појавуваат белузлави брадавичести израстоци кај машката популација.

***Значење***

Од стопанско значење е во риболовните подрачја, особено во Дојранско Езеро каде некогаш се ловела во значителни количини и била основен вид кој се продавал на пазар. Денес уловот е значително намален. Од аспект на рекреативен риболов е исклучително значајна и многу често претставува цел на рекреативните риболовци.

***Scardinius erytrophthalmus*** **- Писа (плотица)**

***Опис и распространетост***

Телото на писата е доста високо и страничнпо сплескано. По телото има крупни лушпи, кои во основата имаат темна флека. Бојата на грбот е темнозелена до стаклестозелена, сраните се сребренасти со мала зелена нијанса, а стомачниот дел е бел. Карактеристично за писата е грбната перка која почнува далеку зад стомачната перка, а завршува пред почетокот на аналната перка. Бојата на перките е црвена со посветол или потемен сив прелив. На градните и грбната перка црвената боја одсуствува. Има релативно мала глава со устата свртена нагоре. За разлика од црвеноперката која има средна уста, писата има горна уста. Окото и е крупно и преку него има вертикална темна флека, некогаш појако, некогаш послабо изразена. Писата е распространета скоро по цела

Европа, освен на Пиринејскиот Полуостров. Во Р. С. Македонија ја има во р. Варар, Катлановското блато, Дојранското и Охридското Езеро. Жител е и во реката Црн Дрим.




***Основни биолошки карактеристики***

Писата ги населува чистите бавнотечечки и стоечки води, богати со подводна вегетација и мека подлога. Најчесто се задржува меѓу подводните растенија на мала и средна длабочина. Живее во големи и помали јата, главно движејќи се бавно, но многу е плашлива и при опасност брзо плива. Полово созрева во третата и четвртата година од животот, при должина поголема од 12 cm. Се мрести во пролет, во главном во април и мај, а може и подоцна, во почетокот на јуни. Плодноста на женката изнесува 96.000 до 232.000 зрна икра со дијаметар помеѓи 1 и 1,5 mm. Во периодот на мрестење по главата и телото на единките од машката популација се појавуваат епителни брадавичести израстоци. Икрата е леплива и женката ја обложува на подводната вегетација. Максимална должина која ја достигнува писата изнесува 50 cm и тежина над 1,5 kg. Младите единки во почетокот се хранат со зоопланктон, а подоцна преминуваат кон исхрана со животинска и растителна храна. Возрасните единки се хранат со растенија, ларви од инсекти, нижи ракообразни, инсекти кои паѓаат на вода, дури напаѓаат и поситни риби.

***Значење***

Значајна е од аспект на рекреативен и спортски риболов. Месото на писата е вкусно иако има ситни коски.

***Squalius vardarensis* – Клен (утман, бушар)**




***Опис и распространетост***

Телото е вретенесто, покриено со крупни лушпи чии задни рабови се потемни и му даваат на целото тело мрежест изглед, што е особено изразено кај постарите индивидуи. Попречниот пресек на телото е скоро цилиндрицен. Бојата на грбот е темно зелена, страните се сивкасто жолти до сребренести, стомакот е сребрено бел. Сите перки имаат посветол или потемен прелив од сивоцрна боја. Градните перки имаат бледо портокалова нијанса, а стомачните и аналната се со црвеникав прелив. Главата е широка, устата е терминална и голема. Врвот на горната усна е скоро на хоризонталата на средината на очите.

Таксономијата и систематската припадност на кленот е променета. Во минатото се водеше како претставник на родот Leuciscus денес е префрлен во родот Squalius. Согласно постарата литература, во Македонија постоеше еден вид клен (*Leuciscus cephalus*) и повеќе подвидови карактеристични за различните сливови. Така зборувавме за *L.cephalus vardarensis, L.cephalus prespensis, L.cephalus ohridanus, L.cephalus macedonicus* и др. Денес, согласно новите истражувања одредени подвидови се издигнати на ниво на посебни видови па во Р. С. Македонија разликуваме повеќе различни видови специфични за определени води и тоа: *Squalius vardarensis* – за сливот на Вардар; *Squalius squalus* – за Охридско Езеро; *Squalius prespensis* – за Преспанско Езеро; *Squalius orpheus* – за сливот на Струмица.

***Основни биолошки карактеристики***

Видот *Squalius vardarensis* -вардарскиот клен го среќаваме во речиси сите води во Вардарскиот слив. Се среќава и во истечните и во стоечките води. Добро поднесува варирање на температурата на водата, па се сретнува во студени води на изворските делови на реките, но и во потоплите, мирни речни текови и стагнантни води. Може да се сретне и до 1.500 метри надморска височина. Живее во мали јата, особено помладите единки, кои се среќаваат при површината на водата. Во истечните води ги населува деловите со помирен тек, тишаците и вировите. Омилени места му се корењата на големите дрва, вдлабнатини, дупки во кои најчесто се сретнува. Со староста кленовите се повеќе живеат индивидуално и тоа помалку или повеќе има постојани места (под корења, вирови, водени препреки и др.)

Половата зрелост кај единките од машката популација настапува во втората година од животот, а кај единките од женската популација во третата година од животот. Се мрести порционо во периодот од април до јули, обично на каменеста подлога. Плодноста на женките изнесува меѓу 100.000 и 200.000 икри со дијаметар во просек од околу 0.7 mm (понекогаш ако е малку икра и до 1.5 mm). Икрата е леплива. Максималната должина на кленот изнесува 80 cm, а постигнува маса и над 4 kg. Варадарскиот клен е сештојад и се храни со храна од различно потекло (растителна и животинска). Во исхраната се застапени: инсекти и нивни ларви, црви, ракообразни, мекотели, рибја икра, други риби, жаби и др. Кленот се појавува и како секундарен предатор па во неговата исхрана редовно се застапени и риби.

***Значење***

Има извонредно големо значење од аспект на рекреативен риболов. Вардарскиот клен е многу чест и многу ценет вид риба за голема група на рекреативни риболовци. Релативно лесно се лови, а е борбен и атрактивен за лов. Месото на кленот е бело и вкусно, иако има многу ситни коски. Застапен е и во ловините на стопанските рибари.

***Tinca tinca* – Лињак (линиш, лиљан, барска "пастрмка")**




***Опис и распространетост***

Телото на лињакот е кратко, и дебело. Бојата на телото може силно да варира, во зависнот од местото на живеење. Обично грбот е темнозелен, страните маслинестозелени со златест одсјај а стомакот со жолтеникавобела боја. Бојата на перките е маслинесто зелена и потемна од телото. Устата е мала и месеста, терминална но свртена кон горе (косо поставена). Има еден пар кратки мустаки.

Очите се мали. Рабовите на сите перки се заоблени а опашната перка е слабо засечена. Стргунките се многу ситни зараснати длабоко во кожата и тешко се чистат. Телото е покриено со густи слој на слуз. Изгледот на лињакот е таков што скоро и да е невозможно да се замени со друг вид риба. Распространет е во цела Европа. Во Р. С. Македонија се сретнува во Вардарскиот слив во Дојранското езеро и во повеќе акумулации. Денес се забележува драстично намалување на неговата популација во сите води во кои некогаш живеел и редовно се ловел. Во реката Вардар е веќе раритет.

***Основни биолошки карактеристики***

Живее во стагнантни и бавно проточни екосистеми со глинесто дно обраснато со водена макрофитска растителност. Мирна риба е и се исхранува со храна од животинско потекло (ларви од водени инсекти, црви, ракчиња, полжави). Најинтензивно се исхранува кога температурата на водата е помеѓу 20 и 30ºC. При температура од 4 ºC престанува да се храни, се закопува во тињата и зимата ја поминува во еден вид зимски сон. Се мрести во периодот мај до јули во плитки места обрастени со растителност. Женката полага до 500.000 икри чија инкубација трае 60-70 степеноденови, односно при температура на водата од 20º C, изнесува три денонојќија. Полова зрелост достигнува со наполнети 3 односно 4 години старост и должина од околу 20 cm. Може да достигне должина и до 70 cm и маса од 8 kg а во нашите води до 1kg.

***Значење***

Има сочно и извонредно вкусно месо со нежно бела боја. Во Република Северна Македонија нема стопанско значење. За разлика од некои Европски земји е една од најценетите слатководни риби. Заради неговата претпазливост е редок трофеј на спортските риболовци.

***Silurus glanis* – Сом**




***Опис и распространетост***

Телото на сомот е издолжено, главата дорзовентрало сплескана, а задниот дел на телото благо странично сплеснато. Во целина телото е валчесто. Грбот е зеленкасто сив до црно зелен, страните се ишарани со неправилни попречни пруги и пеги со зеленкаста, златно кафена или жолтеникава боја, стомакот е бел со ситни сиво сини петна како мрамориран. Телото на сомот нема лушпи и е голо. Главата е многу широка и голема, а очите во однос на неа доста ситни. Устата е горна (долната вилица стрчи нешто пред горната) и е многу широка. По вилиците и непцето има добро развиени четковидни заби. Има шест мустаќи и тоа два долги, на горната усна, кои што достигнваат до крајот на градните перки и четири покуси на долната усна од кои предниот пар е покус од задниот. Грбната перка е мала и куса, градните перки се снабдени со јак и мазен коскен зрак, а аналната перка е многу долга и достигнува до опашната, која пак е заоблена. Стомачните перки достигаат до аналната. Перките се главно темно сивкастозелени, пегави, често со црвен прелив, или (парните) со жолтеникав појас преку средината.

Распространет е низ цела Европа и западна Азија. Го има во сливот на Касписко, Црно и Егејско море, а во сливот на Јадранско море го нема. Во Р. С. Македонија го има во реката Вардар и поголемите притоки, во Дојранското и Преспанското езеро. Порибени се и повеќето акумулации кои се наоѓаат во Вардарскиот слив. Го нема во Охридското езеро, сливот на Црн Дрим и акумулациите кои припаѓаат на овој слив.

Сомот е риба која достигнува најголеми димензии во Македонија, достигнува должина до 5 m и тежина до 200 kg.

***Основни биолошки карактеристики***

Сомот обично се населува во бавно течечките делови, во вирови или зад препреки во реките, а редовно се сретнува во езерата и акумулациите. Дење повеќе мирува, а ноќе е поактивен и бара храна. Машките достигнуваат полова зрелост во втората до третата, а женките во четвртата до петтата година од животот, на дожина од 50 до 70 cm. Мрестењето е во парови, а му претходи љубовна игра проследена со плесоци со опашките по површината на водата што се слушаат надалеку. Пред мрестењето прават примитивно гнездо со плочеста форма од различни растителни делови, главно подводни корења, каде што женката ја положува икрата. Инкубацијата на икрата трае 3-10 дена, зависно од температурата на водата. Младенчињата се хранат со зоопланктон и водни инсекти, но веќе во првата година преминуваат на граблив начин на исхрана и конзумираат: риби, жаби, водени птици и мали цицачи.

***Значење***

Има значење како за спортски така и за рекреативен риболов. Има вкусно мрсно месо и нема ситни коски. Понекогаш може да има и благ вкус на тиња. Сомот е атрактивна спортско – рекреативна риба и предизвик е за многу рекреативни риболовци.

***Lepomis gibbosus*** **- Сончарка (сунчица, сончаница)**




***Опис и распространетост***

Сончарката има високо и силно странично сплескано и има облик на плочка. Најголемата висина на телото се содржи 1,75 до 2 пати во должината на телото. Прекриено е и со ситни лушпи. Усната цепнатинка е мала и не достигнува до очите. Грбната перке е доста голема и непотполно разделена на два дела. Предниот дел на преката има оштри коскени зраци, додека вториот дел има меки разгранети зраци. Аналната перка е доста слична на задниот дел на грбната перка. Првиот зрак на стомачните и аналната перка се коскени и неразгранети. Во градните перки нема тврди зраци. Целата риба е убаво шарено обоена. Бојата на грбот е маслинестозелена, прошарана со сино, страните се посветли и прошарани со неправилно расфрлени темно портокалови и сиви флеки, какви што има и по главата. Стомакот е портокалов. На жабрениот капак има црна и темно црвена флека. Жабрениот капак и делот позади и под окото се прекриени со лушпи.

Сончарката природно живее во северна Америка (од Канада до Мексико). При крајот на деветнаесетиот век, пренесена е во Еврока како украсна рипка. Случајно или намерно, раселена е во топловодните рибници и отворените води. Ја има и Р. С. Македонија, во реката Вардар и некои притоки, во повеќе поголеми акумулации, во Преспанското Езеро, регистрирана и во Охридското Езеро.

***Основни биолошки карактеристики***

Живее во бавнотечечки и стоечки води. Најмногу и одговараат бистри бари и езера. Групирана е во помали јата, во крајбрежјето покрај некои од подводните препреки (подводни растенија, потопени дрва, корење, камења и сл.)

Кај сончарката половата зрелост настапува во третата година од животот. Се мрести од април до јули. За мрестење, мажјакот гради со опашката вдлабнати гнезда, во многу плитка вода, во кои женката ги положува јајцата. Икрата ја чуваат двата родитела. Ларвите излегуваат за неколку денови (2-8), зависно од температурата на водата.

Максималната должина што можат да ја достигнат овие риби изнесува 30cm. Просечната големина обично изнесува од 10 до 15 cm. Многу е агресивна и граблива риба. Се храни со разни безрбетници и мекотели, со икра од риби и мали рипчиња.

***Значење***

Нема никакво значење од аспект на стопански, спортски и рекреативен риболов. Поради живописните бои се одгледува во аквариуми. Внесена во рибници, може да направи големи штети на икрата и подмладокот. Има бело и вкусно месо, без ситни коски. Бидејќи нема природни непријатели причинува огромни штети кај автохтоните видови риби со стопанско или рекреативно значење.

***Perca fluviatilis*** **– Кострeш, (перкија)**

***Опис и распространување***

Телото на кострешот е вретенесто, издолжено и благо сплескано на страните. На пресек задниот дел на телото е цилиндричен. Бојата на телото е зелено-маслинеста, страните се посветло зелени со жолтеникав прелив, а стомачниот дел е бел. На телото има специфични напречни темни пруги кои одат од горе кон стомачниот дел. Лушпите се ситни, специфични, ктеноидни и го покриваат цело тело. Има две грбни перки од кои првата е подолга и со коскени зраци, додека втората е пократка и има меки разгранети зраци. На крајот на првата перка има голема темна флека. Грбните перки се сиви, а останатите жолтоцрвени. Црвениот прелив е изразен кај стомачните перки, аналната и долниот дел од опашната перка. Стомачните перки се поставени напред. Првиот

зрак од стомачните и аналната перка се коскени и тврди. Има релативно голема глава, крупно око и огромна уста со доста ситни заби. Шкржниот капак на својот заден крај е зашилен.

Распространет е низ цела Европа. Во Р. С. Македонија автохтона риба е на реката Вардар и Дојранското Езеро. Со него се порибени скоро сите акумулации кои припаѓаат на Вардарскиот слив. Кострежот го нема во водите на Преспанското и Охридското Езеро, во Црн Дрим и акумулациите кои припаѓаат на овој слив.




***Основни биолошки карактеристики***

Кострешот достигнува тежина до 2 kg, иако реално таквите примероци се многу ретки. Во нашите води најчесто расне од 300 до 500 g.

Живее во големи јата и е лаком грабливец. Се храни со црви, а консумира значителни количини ситни рипчиња. На тој начин причинува штета на другите видови риби, намалувајќи ги нивните популации за сметка на својата.

Кострешот е еден од видовите кои се многу чувствителни на загадување. Иако некогаш бил броен и со стабилна и густа популација во Вардар, денес неговата популација е значително редуцирана, скоро е исчезнат. Доколку ваквиот тренд продолжи само е прашање на време е кога и тој (условно) сосема ќе изумре како автохтон вид во проточниот екосистем на реката Вардар.

***Значење***

Месото му е многу вкусно и се вбројува во рибите со исклучителен квалитет на месото, особено се ценети покрупните примероци. Претставува еден од четирите стопански значајни видови риби во Дојранското Езеро. Кострешот од аспект на рекреативен риболов е значаен и ценет во стагнантните екосистеми каде популацијата му е бројна. Извонредно е агресивен и борбен и лесно се лови на повеќе видови мамки од животинско потекло.

**5.2. Годишен прираст на рибите со поголемо економско значење изразени во килограми по хектар**

Рибите во акумулација Мантово не се користат за стопански риболов, заради што не се прави проценка на годишниот прираст на рибите со поголемо економско значење изразени во килограми на хектар. Од аспект на рекреативен риболов, значајни се и најчесто се ловат кленот, скобустот и крапот.

## 6. ДЕФИНИРАЊЕ НА РИБОЛОВНИ ВОДИ СО МОДЕЛ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ

Во риболовните води за кои се однесува оваа риболовна основа, како единствена рекреативна зона наменета за рекреативен риболов се определува ***-Рекреативна зона – „Акумулација Мантово“,*** која ја опфаќа целата површина на вештачкото езеро -акумулација Мантово.

## 7. ДЕФИНИРАЊЕ НА ВОДИ СО МОЖНОСТ ЗА АКВАКУЛТУРА

Водите на вештачкото езеро-акумулацијата Мантово се користат за аквакултурно одгледување на риби, во кафези, по целата своја должина, од двете страни на сите места кои одговараат за поставување на кафези.

**7.1 Видови на риби со технологија на одгледување**

Во акумулацијата Мантово, во кафези, може да се одгледуваат: крап, сом, толстолобик, амур, пастрмка и други видови риби кои се присутни во акумулацијата.

Согласно моменталните услови кои владеат во акумулацијата, волуменот во кој би се одгледувале горепосочените видови риби во аквакултура се ограничува на 3.000м$^3$, во кафези со различна форма (типови) и димензии.

Производството на риба во кафезна фарма се движи од 15 до 35 kg по 1м$^3$ волумен на вода, зависно од видот на рибата која се одгледува и технологијата на одгледување. Максималниот капацитет за аквакултурно одгледување на риби, во акумулацијата Мантово се определува на максимално 75.000 kg во максимален инсталиран волумен кафези од 3.000м$^3$, на годишно ниво.

**7.2. Локација и капацитет на постоечките објекти**

Локациите и капацитетите на постоечките рибници во акумулацијата Мантово кои се запишани во регистарот на одгледувачи на риби, се претставени во табела 5.

**Табела 6. Локација и капацитет на постоечките објекти**

| Назив | Вид риба која се одгледува | Проектиран капацитет | Локација |
|---|---|---|---|
| И.З. Лилјана Ѓеоргиева | Виножитна пастрмка | 8t | акумулација |
| ДАНИГО ДООЕЛ | Крап, амур, толстолобик | 10t | акумулација |
| Мантовски крап ДООЕЛ | Крап, амур | 30t | акумулација |

## 8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА РИБИТЕ

**8.1. Организација на рибочуварска служба (број на рибочувари со основен план за физичка заштита на рибите)**

Физичката заштита на акумулацијата Мантово ќе се остварува преку организирана, професионална рибочуварска служба, и тесна соработка со инспекциските органи и органите за внатрешни работи. Имајќи ги предвид спецификите на теренот, рибочуварската служба за заштита на рибите на рекреативната зона на **акумулација Мантово**, треба да брои најмалку еден рибочувар.

Рибочуварите треба да ги исполнуваат условите уредени во Законот за рибарство и аквакултура.

Работата на рибочуварската служба се врши согласно мерките и начините на заштита на риболовната вода и организација на рибочуварската служба кои концесионерот треба да ги дефинира во "План за заштита на рибите", кој е составен дел на Годишниот план за заштита и стопанисување со рибите.

Планот за заштита на рибите особено содржи:

- места кои редовно и рутински ќе се посетуваат со цел контрола на рекреативните риболовци;
- број на организирани акции во текот на годината со месечна динамика и
- приближен број на учесници во организираните акции.

Рибочуварите треба да водат Дневник за работа со сите дневни активности и начинот на извршување на предвидените активности од концесионерот.

Во време на мрест, акциите за заштита на рибите треба да се изведуваат организирано и во соработка со надлежни институции.

Во рамките на можностите рибочуварстката служба треба да биде соодветно опремена.

Концесионерот на рибите, при издавањето на дозволата за рекреативен риболов, има обврска да ги запознае рекреативните риболовци со правилата за риболов на риболовната вода. Од тие причини пожелно е концесионерот да изработи Прирачник за користење на рибниот фонд за одредената риболовна вода. Прирачникот би се издава со секоја продадена дозвола за рекреативен риболов (годишна, еднодневна, седмодневна или петнаестодневна).

**8.2. Следење на состојбата на водата, заболување и помор на риба како и невообичаено однесување на рибите**

Концесионерите на рибите за организирање на рекреативен риболов континуирано ја следат состојбата на риболовната вода, со цел  заштита од загадување на водата или помор на рибите во риболовната вода, преку редовната работа на рибочуварите, а може да ги запознае и рекреативните риболовци за начинот на постапување во случај на загадување на водата и помор на рибите.

За постапките при загадување на водата или заболување, невообочаеното однесување или помор на риба, вработените рибочувари се обучуваат преку организирање на обука од страна на концесионерот, а рекреативните риболовци се запознаваат преку Прирачникот за користење на рибниот фонд, кој го добиваат при купувањето на дозволата.

**8.3. Планирање на селективен и мелиоративен риболов**

Во периодот на важење на оваа риболовна основа, доколку се појави реална потреба,  може да се изведе селективен и мелиоративен риболов.

**8.4. Утврдување на големина на риби по видови под која не смеат да се ловат**

Заради одржување на природната популација на рибите во акумулацијата "Мантово", како и овозможување на природен мрест од единки кои што природно созреале и се во репродуктивна фаза (полова фаза) потребно е да се запазуваат одредени норми. Имено, за сите риби во сите водни екосистеми постојат минимални големини под кои што рибите не смеат да се ловат за да можат барем два пати пред да бидат уловени да се измрестат. Во табела 7 е наведена големината на риби по видови под која не смеат да се ловат:

**Табела 7. Големина на риби по видови под која не смеат да се ловат**

| **вид на риба** | **големина** |
|---|---|
| **Сом** | 70 cm |
| **Крап** | 40 cm |
| **Клен** | 30 cm |
| **Скобуст** | 25 cm |
| **Црвенперка** | 20 cm |
| **Црна мрена** | 15 cm |
| **Писа, плотица** | 20 cm |
| **Костреш** | 20 cm |
| **Лињак** | 25 cm |

Рибата се мери од врвот на муцунката до крајот на опашната перка, кога перката е нормално отворена.

Сите уловени риби под определената големина, треба внимателно да се ослободат  и неоштетени и во жива состојба да се вратат во водата.

За останатите видови риби кои се помалку значајни од аспек на рекреативен риболов или се во групата на непожелни видови риби не се предвидува заштитна мерка „најмала дозволена риболовна мерка“, што значи дека може да се ловат без ограничување на големината.

## 8.5. Утврдување на периодот на природен мрест по видови риби

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) има свое практично и научно значење. Иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, таа сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната, на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот во кој се мрестат позначајните видови риби во акумулацијата Мантово е прикажан во табела 8.

**Табела 8. Преглед на период на мрест на позначајните видови риби од акумулација Мантово**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| **Скобуст** | мрест во IV и V месец |
| **Сом** | мрест во IV, V и VI месец |
| **Костреш** | мрест во IV и V месец |
| **Клен** | порционен мрест во V и VI |
| **Писа, плотица** | мрест во V и VI месец |
| **Црвенперка** | мрест во V и VI месец |
| **Црна мрена** | мрест во V и VI месец |
| **Крап** | мрест во IV, V и VI месец |
| **Лињак** | мрест во V, VI и VII месец |

Во периодот на мрест се утврдува почетокот и времетраењето на ловостојот за одделни видови риби, со цел да се овозможи непречена заштита и одвивање на природниот мрест, а со тоа и зголемување на густината на рибните популации.

Периодите на забрана за ловење на определени видови риби се прикажани во табела 9.

**Табела 9. Временски период во кој е забранет лов на риби**

| Вид на риба | Период на забрана |
|---|---|
| **Скобуст** | од 15 април до 15 мај |
| **Сом** | од 15 април до 31 мај |
| **Костреш** | од 15 април до 31 мај |
| **Клен** | од 01 мај до 31мај |
| **Писа, плотица** | од 01 мај до 31 мај |
| **Црвеноперка** | од 01 мај до 31 мај |
| **Црна мрена** | од 01мај до 30 јуни |
| **Крап** | од 01 мај до 30 јуни |
| **Лињак** | од 01 мај до 30 јуни |

Сите случајно уловени примероци од наведените видови, во периодот на забрана мора во жива состојба и неоштетени да се вратат во риболовната вода.

Забрането е секакво изнесување на рибите за кои е определена забрана, нивно убивање, како и ставање во сакови или чуварки за чување риба.

За видовите риби кои не се наведени во табелата, риболовот е дозволен преку целата година.

## 8.6. Определување на природни плодишта

Основната намена на акумулацијата Мантово е наводнување. Користењето на водата за основните намени, доведува до чести промени на нивото на водата, поради што во акумулацијата Мантово не се определуваат природни плодишта.

# 9. ПРОГРАМА ЗА ПОРИБУВАЊЕ:

## 9.1. Количина и видови на риби по видови и возрасни категории одредени врз основа на биолошкиот потенцијал за секоја риболовна вода за период од 6 години со динамика на годишно ниво

Во периодот за кој се носи основата се предвидува водите од рекреативната зона акумулација Мантово да бидат порибувани со благородни видови риби кои може да се набават од домашните репроцентри.

Порибувањето да се изведува со најмалку 250 килограми крап со маса од 500 до 1500 грама, секоја година, во наредните 6 години.

Порибувањето на рекреативна зона „акумулација Мантово“ може да се врши и со „транслокација“ што претставува префрлање на риби (подмладок и зрели единки) од една во друга риболовна вода.

## 9.2. Период на порибување за поедина риболовна вода со одредени видови риби

Порибувањето се извршува секоја година во согласност со условите и временските прилики.

## 10. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Ограничувањето на количестовто на улов за рекреативен риболов се изразува преку дозволениот дневен улов. Во табелата 10 дадени се определени максималните количини на дневен улов на рекреативната зона „акумулација Мантово“.

**Табела 10. Количини на дневен дозволен улов по видови за рекреативен риболов**

| Вид на риба | Количини на дозволен улов |
|---|---|
| **Сом** | 1 (еден) примерок |
| **Крап** | до 2 (два) примероци |
| **Костреш, Перкија** | до 10 (десет) примероци |
| **Клен** | до 10 (десет) примероци |
| **Скобуст** | до 10 (десет) примероци |
| **Црвенперка** | до 20 (дваесет) примероци |
| **Писа, плотица** | до 20 (дваесет) примероци |
| **Лињак (линиш)** | до 5 (пет) примероци |

Максимална дозволена количина на дневен улов на риба е вкупно до 3 kg. Тоа значи дека доколку риболовецот во уловот има разни видови на риба, вкупната количина на улов по рекреативен риболовец на ден, не смее да биде поголема од 3 kg, а воедно и не смее да бидат надминати макималните ограничувања за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg. влегуваат и сите останати поситни видови на риби (белвица, кркушка и други).

Во случај да се улови примерок на крап или сом кој е над 3 kg, во тој случај дозволен е улов на два примерока крап или еден примерок на сом без оглед на нивната големина.

За видот „сребрен карас” нема никакво ограничување и може да се лови во сите должини и во неограничени количини.

## 11. ВРЕМЕ ВО КОЕ Е ДОЗВОЛЕН ЛОВ НА РИБИТЕ:

Дозволениот период за риболов по видови на рекреативната зона „акумулација Мантово“ е прикажан во табелата 11.

**Табела 11. Временски период во кој е дозволен лов на риби**

| Вид на риба | Период на дозволен риболов |
|---|---|
| **Скобуст** | од 16.05. до 14.04. наредната година |
| **Сом** | од 01.06. до 14.04. наредната година |
| **Костреш** | од 01.06. до 14.04. наредната година |
| **Клен** | од 01.06. до 30.04. наредната година |
| **Писа, плотица** | од 01.06. до 30.04. наредната година |
| **Црвенперка** | од 01.06. до 30.04. наредната година |
| **Црна мрена** | од 01.07. до 30.04. наредната година |
| **Крап** | од 01.07. до 30.04. наредната година |
| **Лињак** | од 01.07. до 30.04. наредната година |

За останатите видови на риба, кои не се наведени во табелата 11, риболовот е дозволен преку целата година.

## 12. МИНИМУМ И МАКСИМУМ РИБОЛОВНИ СРЕДСТВА

Дозволени риболовни средства за вршење на рекреативен риболов се риболовен прибор и риболовна опрема. Во дозволен риболовен прибор за рекреативен риболов спаѓаат: риболовни трски, риболовни машинки (орши), риболовен конец, јадица и разни видови на природни и вештачки мамки.

При вршењето рекреативен риболов на сите видови риби, дозволена е употреба на максимум две риболовни трски со по три јадици на трска или максимум три риболовни трски со по една јадица на трска, со или без машинка (орша) и употреба на сите видови природни и вештачки мамки.

Покрај горе наведениот прибор, при вршењето на рекреативен риболов, како дополнителна порема може да се употребува и мрежа за прифаќање на рибата и чуварка за чување на рибите во жива состојба.

## 13. МЕТОД ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕТО НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ.

Пресметување на висината на надоместокот за издавањето на дозволите за рекреативен риболов се прави врз основа на планирани трошоци за организирање на рекреативен риболов на риболовните ревири на годишно ниво.

Трошоци кои особено влијаат на висината на надоместокот за издавањето на дозволите за рекреативен риболов се:

- плати и надоместоци за плата за вработени лица;
- трошоци за рибочуварска служба на концесионерот (дневници, гориво, и сл.);
- потребни средства за порибување;
- данок на додадена вредност и
- 10-20% непредвидени трошоци.

**14. Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.**

Бр.________________

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство

____________________